# ООУ Дебрца

Програма за реализација на еднодневна екскурзија за учениците од трето одделение од ООУ,,Дебрца"-с. Белчишта во учебната 2023/2024 год.

Врз основ на член 42 од Законот за основно образование Сл. Весник на РСМ 161/2019 и Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година донесен од Министерот за образование и наука а и врз основа на Годишната програма за работа на ОУ Дебрца - Белчишта за учебната 2023/2024. Стручниот тим за подготовка на Програмата за екскурзии и други слободни активности на ООУ Дебрца - Белчишта, во состав: Билјана Славевска-директор, Билјана Трајкоса-класен раководител на деветто одделение, во ОУ Дебрца Белчишта Татјана Новеска -класен раководител на деветто одделение во ПУ. Мешеишта Сузана Велјаноска-класен раководител на шесто одделение во ПУ. Мешеишта Павлина Г. Палоска- класен раководител на шесто одделение во ПУ. Лешани Страшо Аврамоски -одделенски наставник Марија Димоска - одделенски наставник Марија Калајџиева-одделенски наставник Гоце Кузески- предметен наставник изгорви:

## Програма за реализација на еднодневна екскурзија за учениците од трето одделение од ООУ,,Дебрца“- с. Белчишта

ООУ „Дебрца” ,с.Белчишта,Општина Дебрца, со учениците одIII (трето)одделение на деветогодишно основно образование во учебната 2023/2024 година планира да изведе еднодневна екскурзија за учениците од трето одделение.

## ПОДАТОЦИ ЗА ЕДНОДНЕВНАТА ЕКСКУРИЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ

Реализацијата на оваа еднодневна екскурзија за учениците од трето одделение има општ воспитно-образовен карактер и е со цел повторување и утврдување на веќе стекнати знаења. Учениците со систематизираните и усвоените знаења за минатото и сегашноста, ќе придонесат во изградување на вредносен систем на однесување кон својот народ и држава, процеси и почитување и вреднување на културното наследство како и зачувување на истото.

Место на реализација: Битола

Одделение:III одделение

**Воспитнообразовни цели:**

Да се запознаат со градот Битола, Хераклеа, Зоолошката градина и околината. Набљудување и запознавање со природните убавини на нашата земја Воспоставување, развивање и негување на пријателство Да се развива љубопитност (поставување на прашања и давање на одговор) Запознавање со поимот еколошка свест и развивање на еколошка свест.

**Задачи:**

• Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции

• Социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе • Развивање на позитивен однос кон културните и верските вредности

• Градење на еколошки навики

• Фотографирање на научно-културни знаменитости • Презентирање на впечатоци од едно дневната екскурзија.

**Соодржина и активности:**

• Посета на научно-културни знаменитости

• Јасни напатствија околу начинот при патувањето и пристигнување на локацијата.

• Запознавање и разгледување на културни знаменитости.

• Подготовка за заминување од рекреативниот центар

• Разговор со учениците за впечатоците од излетот

**Образовни:**

- утврдување на основните знаења за историските настани, појави, процеси и личности.

- запознавање , почитување, вреднување и заштита на културното наследство на својот народ .

**Воспитни:**

развивање љубов кон татковината и нејзините вредности;

- развивање љубов кон изучување на историјата;

- поттикнување и исполнување на позитивни и емоционални доживувања;

- социјализација и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе;

- градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот;

- изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општественит живот;

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:**

Еднодневната екскурзија за учениците од трето одделение оланирано е да се изведе еден ден во мај. Датум за изведување на истата се избира според договор (календар за работа и временски прилики).

Патувањето на учениците од трето одделение на оваа еднодневна екскурзија планирано е да се изведе во период од 7 до 16 часот.

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ:**

Еднодневната екскурзија за учениците од трето одделение ќе биде финансирана од страна на родителите/старателите на учениците.

За безбедноста на учениците ќе се грижат одделенските раководители на одделенијата,

Стручен тим за подготовка на програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности за учениците од ОУ ,,ДЕБРЦА'' с. Белчишта во учебната 2023/2024

Раководител на еднодневната екскурзија за учениците од III одделение од ООУ ,, Дебрца'' с.Белчишта:Марија Димоска- одделенски наставник